Уп. бр. 08-91

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото страна Ромгрин Универзал Лимитед со регистрирано седиште на Продромоу и Димитракопоулоу 2, 5ти спрат, 1090 Никозија, Кипар преку адвокат Љупка Новеска Андонова од Скопје, на седницата одржана на ден 26.12.2019 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Ромгрин Универзал Лимитед (Romgreen Universal Limited), со регистрирано седиште на Продромоу и Димитракопоулоу 2, 5ти спрат, 1090 Никозија, Кипар ќе стекне самостојна контрола над Елтекс Рисајклинг С.Р.Л. (Eltex Recycling S.R.L)., со регистрирано седиште на ул. 5, Октавиан Гога, Орадеја округот Бихор, Романија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 20.11.2019 година, а дополнето на ден 28.11.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), доставено е известување за концентрација од страна на Ромгрин Универзал Лимитед (Romgreen Universal Limited), со регистрирано седиште на Продромоу и Димитракопоулоу 2, 5ти спрат, 1090 Никозија, Кипар, со која Ромгрин Универзал Лимитед (Romgreen Universal Limited), има намера да стекне самостојна контрола над Елтекс Рисајклинг С.Р.Л. (Eltex Recycling S.R.L)., со регистрирано седиште на ул. 5, Октавиан Гога, Орадеја округот Бихор, Романија, по пат на купување на 100% од уделите во целното друштво.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото го утврди следното:

**-Ромгрин Универзал Лимитед** е холдинг друштво кое припаѓа на Абрис Групата. Абрис Групата е составена од приватни инвестициски фондови (*equity funds*) и портфолио друштва активни во разни сектори.

Абрис Групата има регистрирано зависно друштво во Република Северна Македонија - ГРИНТЕХ МК ДОО Скопје, со регистрирано седиште на улица 852 бр.62, Гази Баба, Скопје и регистрирана приоритетна дејност - обновување на посебно издвоени материјали и индиректно (преку продажби во Република Северна Македонија од страна на нејзини друштва со седишта надвор од државата).

- **Елтекс Рисајклинг С.Р.Л.** е друштво кое е организирано и постоечко согласно прописите на Романија. Елтекс Рисајклинг С.Р.Л. е активно со собирање и преработување на разни видови на отпад во Романија.

Елтекс Рисајклинг С.Р.Л. не е воопшто присутно во Република Северна Македонија и нема остварено било каков приход во Република Северна Македонија во 2018 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**